

КОМЕНТАРИ

# de bello Balcanico

На наредниве страници Премин направи избор од размислувањата и коментарите на неколкумина видни македонски интелектуалци, коишто во изминатиов период беа објавувани во дневниот печат во земјата. Овде поместивме извадоци од нивните колумни, а интегралните текстови можете да ги пронајдете на web site-от на Македонската Православна Црква, www.mpc.org.mk

## Ѓорѓи Марјановиќ, професор по казнено право:

*...Св. Јован грчко-српски ...не прави нова црква, не проповеда нова религија; тој просто плука врз МПЦ, прогласувајќи ја за толпа расколници, а со тоа плука и врз нас, правејќи нè нешто како ѓоа-христијани, па и полошо од тоа!*

*Да ги видиме поодблиску последиците од „ставот“ на Св. Јован за православните верници во Македонија: ако МПЦ не е вистинска црква, туку расколничко дувло, тогаш и сè што таа прави нема врска со црковните работи. Школски пример за тоа што значи ова: родителите на Вранишковски (кои се некаде на моја возраст), венчани се, претпоставувам, од страна на свештеник на МПЦ. Што ќе рече и тие, според зборовите на нивниот роден син, не се венчани во вистинска, туку во ѓоа-црква. Нивниот брак црковно е неважечки и тие до ден-денес живеат во вонбрачна заедница. Според истава логика, ниту нивното синче Зоран не е законито, туку вонбрачно дете (штом бракот на родителите е неважечки, ни децата не им се законити). Вртисучи испаѓа: г. Вранишковски самиот за себе тврди дека е копиле!*

*Што тврди овој човек за себе не ме интересира! Она што ме интересира, она што е, напротив, човечки и казнено-правно мошне релевантно во ненадејниот верски пресврт на бившиот епископ (кој од владика на МПЦ ѝ стана најогорчен душман) е дека изнесеново за (вон)брачноста на неговите родители и за неговата лична (вон)брачност, се однесува на сите македонски верници без исклучок: сите тие се некрстени, невенчани, копилјаци, сето тоа е расколнички џган што, во најдобар случај, го чека чистилиштето, а не рајот. Нека ми каже некој (па и сдсм-овскиот колумнист, мојот драг млад пријател, Ивица Боцевски) дали човек може да остане рамнодушен кога некој вака безочно го прави „копиле“? Не верувам! Или, ако може, тогаш мора да има образ од ѓон.*

*Ете, затоа паѓаат во вода сите приказни за повреда на верските слободи и права во Македонија. Србите до вчера (а богами и ден-денес) ни се потсмеваат дека по Втората светска војна имаме изградено повеќе џамии одошто цркви, што, патем речено, е сосема точно. Но, токму тоа зборува за нашата верска толеранција, а не против неа. Само, сево ова треба да умее да се документира и брани (и пред Србите, но и пред меѓународната јавност), а не да се дрдори за некаква си „независност“ на судовите, за која знаеме каква е.*

# К О М Е Н Т А Р И

*Не мора мене да ме викнаш за експерт! Еве, премиерот нека го задолжи, да речеме, несторот меѓу криминалистите на Правниот факултет во Скопје, професор Камбовски, да му направи макар и најсумарен споредбеноправен преглед на регулативата за „предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост" во современа Европа. Не се сомневам дека тој јасно ќе го докаже ова што овдека го тврдам: нашата регулатива не е подолу од европската, па не мора да се срамиме ни од осудата на Вранишковски ниту пак од нашиот Кривичен законик. Патем речено, тој (уште во фаза на нацрт-закон) му беше доставен на Советот на Европа и од нејзините експерти доби сосема пристојна преодна оценка! Никој ништо посериозно не му забележа. А ако македонскиот КЗ е ОК за Советот на Европа, тој мора да биде ОК и за ОБСЕ. Ако не е така, тогаш ОБСЕ е поблиску до норвешкото значење на оваа англиска кратенка. Знам зошто Норвежаните не беа среќни со неа, но ми е срам тоа овдека да го толкувам.*

*...Македонија, за инает на СПЦ и на Грците, ја признаа сто и кусур држави под нејзиното уставно име, а конечно, иако со половина уста (и условно) и светскиот полицаец - САД. Тоа е денес држава со свои закони, не многу поинакви од оние на другите како неа, па ни на оние од Црна Србија. А во тие закони постои одредба што казнува дури и за обид на предизвикување национална, расна, верска омраза, нетрпеливост и раздор. Инг. Вранишковски, негирајќи ја сопствената Црква, негираше дека и нејзините верници се воопшто христијани (не важи, значи, ни крштевката, ни венчавката, не се испратени со верски благослов ни нашите драги мртви), а тоа, Бога ми, не е ситна работа и ги огорчи луѓето до коска. Добро е што зад расчинетиот застана само грст исто толку властољубиви монаси, инаку ќе дојдеше до масовни насилства меѓу „вистинските" и божемните верници. И? И инг. Вранишковски беше суден и осуден по спомнатата законска одредба. Ниеден од оние силни колумнисти, што не писна против нашите судови кога овие (доста проблематично, впрочем) го ослободуваа „дотичниот" за неговите световни палавости, сега одненадеж фатија да креваат цева: осудата била политичка! Господ да чува и да брани!*

*Треба ли некому да му објаснувам (сепак сум даскал по казнено право!) дека вакви инкриминации има во кривичните законици на сите европски земји без исклучок и дека врз основа на нив сите тие, грижејќи се за мир во куќата, гонат и казнуваат за дејности со кои може да се предизвикаат крвави пресметки на граѓаните, слични на оние во Северна Ирска. Само ние Македонците сме изгледа некакви експериментални глувци врз кои се прават виво-експерименти, незамисливи на друго место. Како оној со знамето, да не одам подалеку...*

(од колумната „*Експериментални глувци*")

# К О М Е Н Т А Р И

## Тито Петковски, пратеник:



*... Односот на СПЦ во континуитет, па и со оваа најнова духовна агресија со расколникот Вранишковски, има длабоки корени во историското минато. Потекнува од времето кога се воделе истребувачки војни меѓу нашите соседи за создавање големи држави, за сметка на териториите што ги населувале Македонци. И тие завршија како што забележа историја. Македонија создаде самостојна, суверена и меѓународно призната држава. Создаде и своја Црква како чувар на сопствениот национален идентитет. Тоа СПЦ не може да го преболи. Таа реалност не може да ја сфати и прифати, како што не може да разбере дека денес човековата цивилизација започна да живее во време на толеранција и меѓусебно разбирање и почитување, отфрлајќи ги догмите од средниот век. И тука нема ништо чудно и несфатливо, бидејќи ваквиот анахрон однос на СПЦ спрема МПЦ многу пати во минатото бил демонстриран. Чудно и несфатливо е како тоа не може да го сфатат некои претставници на српската државна власт, кои имаат обврска, пред сè пред сопствениот народ, да го шират таквиот дух, градејќи на тој начин извесна иднина и пристоен живот на сите што живеат на овие балкански простори.*
/од колумната „*Дволичност и големо лицемерство*” во „Утрински Весник”/

Српската црковна и државна политика се измешани како ретко каде во светот и треба да се види каде се допирните точки ... Но мислам дека во реакцијата е попаметно да се биде одмерен и од македонска страна да не се придава меѓудржавно значење на големосрпските рецидиви во високите кругови на СПЦ. Таа организација треба да се порази не воинствено, не со инструментариумот со кој е најсилна, туку морално и политички, со љубов. Б. Тричковски, Утрински весник)

# К О М Е Н Т А Р И

## Бранко Тричковски / Утрински весник

...

*СПЦ и некои делови од елитата во Белград никогаш нема да бидат во состојба рационално да го разберат и да го прифатат фактот дека секоја големосрпска експанзија закономерно, значи, задолжително и без искулчок, завршува со пораз. Тоа е така затоа што не се во состојба рационално да ја одредат својата граница, односно да ја препознаат границата на другите и да го разберат времето. Некои агресии им се скршија од главата додека уште немаа свест дека преминале на туѓа територија. Имаат, значи, проблеми да ја разберат и да ја дефинираат сопствената агресивност и експанзивност. Тоа е првенствено прашање на ориентацијата, односно на културата, на филозофијата, на духовноста, а дури потоа на војската, на политиката, на Црквата.*

*Да е барем малку поинаку, односно поразумно, Црквата која пред петнаесетина години во Прибиловци ги пребројуваше коските на старите српски жртви, која ги шеташе коските на цар Лазар низ „вечните српски пространства”, формирајќи го така и на бројни други начини духовното озрачување што доведе до крвавата југословенска драма, не би можела потоната во трајно покајание да произведува нови Цркви на туѓи територии и нови експанзии преку одново непрепознатите граници со братските соседи. Не би можела да го фрла сопствениот народ во нов ред на стари заблуди и да го тера со луда надеж да ги чека новите сè повисоки пенали на историјата, на животот и на светот. ПОА е феноменална продукција на попските матични клетки на големосрпството, кои на новиот смешен клон му одредуваат брза смрт, а на СПЦ пораз.*

*...Подгревањето на „српското црковно прашање” во Македонија треба да одигра важна улога во веќе започнатиот процес за избор на наследник на патријархот Павле, јасно, во прилог на радикалните зилотистички поединци и структури во СПЦ кои преку Јован, „архиепископ охридски и митрополит скопски”, бележат важен дел од „територијата на старата слава”.*

*Таквото радикализирање на позицијата на СПЦ треба да ги демонстрира остатоците на српската моќ како регионален фактор, моќ која во нивните очекувања денес може да одигра определена улога по воениот и политичкиот пораз на Србија во југословенската разврска и пред веројатноста и натаму да еродира српската географија и геополитика преку финалниот статус на Косово и на други начини. Ширењето на нестабилноста е обид да*

# К О М Е Н Т А Р И

*се парира на таа ерозија. Тоа е призмата на српските јастреби. Конечно, таа акција со ПОА се јавува како дел од со-лидарниот пакет со некои партнери на грчката сцена со кои се оди на „дисциплинирање” и „нормализирање” на Македонија во согласност со српско-грчките нормативи и интереси (прашањето за името на државата и на Црквата и сл.). Во тој светоглед целата интервенција се јавува како дел од регионалниот контекст на јакнење на конзервативните, националистички сили кои на чекорењето на регионот кон Европа гледаат како на лоша опција во принцип, а особено ако претходно работите не се ревидираат според нивните етноцентрични теркови на старата доминација. Забрзаното чекорење на Македонија кон Европа, средувањето и европското нормализирање на Македонија ги провоцира на овој последен обид да го стопираат времето во срцето на Балканот. Српската црковна и државна политика се измешани како ретко каде во светот и треба да се види каде се допирните точки и дали воопшто ги има и во овој случај. Но мислам дека во реакцијата е попаметно да се биде одмерен и од македонска страна да не се придава меѓудржавно значење на големосрпските рецидиви во високите кругови на СПЦ. Таа организација треба да се порази не воинствено, не со инструментариумот со кој е најсилна, туку морално и политички, со љубов.*

**Инг. Вранишковски, негирајќи ја сопствената Црква, негираше дека и нејзините верници се воопшто христијани (не важи, значи, ни крштевката, ни венчавката, не се испратени со верски благослов, ни нашите драги мртви), а тоа, Бога ми, не е ситна работа и ги огорчи луѓето до коска. (Ѓ. Марјановиќ, Дневник)**

**Да беше во единство со Бога, Бог ќе му ја одредеше жртвата. Но тој е во единство со национал-шовинизмот на српската државна политика. Затоа сега цената му ја одредува ЈАТ и надлежниот српски министер. Во желба за „реципрочен” одговор, Србија го одбрани Јован со летало на државната флота. Оти и таму го гледаат како летало. Го летаат по задача. (К.Блажевска, Дневник)**

# К О М Е Н Т А Р И

## Катерина Блажевска

...

**новинар / Дневник**

...Случајот со Јован и de jure го потврди она што го знаеја сите: дека патријархот Павле е доживотен и почесен министер во српската влада. Дека Српската Црква уште од времето на Милошевиќ таму има свој ресор и дека никогаш нема да доживее реконструкција, без оглед кои партии се на власт.



И покрај јасните сознанија за тоа, властите во Македонија никогаш не престанаа да влечат погрешни потези во однос на српскиот егзарх во земјава.

Не го осудија за класичен криминал кога ја ограби Велешката епархија, ами го осудија сега, и тоа за ширење верска и национална омраза.

Знаете ли каков комплимент е тоа за Јован? Тоа е исто како да осудите возач на раскантано фиќо дека возел 300 км на час. За да може еден духовен јаничар да шири верска омраза, прво треба да има публика што ќе го слуша. Ве прашувам, кој во Македонија го слуша или му верува на Јован? Колку верници тој собра околу себе? Ги видовме кога стигнаа пред Идризово.

Тие се пајтон-црква. Сите ги собира во едно до две возила.

Нивниот духовен идентитет е на нивото на аматерски патувачки циркус што расппнува шатор на празни ливади по должината на пругата Белград - Ниш - Скопје - Битола.

Зар од тоа кутро друштво ќе ги браниме темелите на МПЦ и нејзината автокефалност?

За Јован затворот не е казна. За него тоа е награда, зашто му помага да гради мит на великомаченик. За него најголемата казна е да биде на слобода, зашто само таму се соочува со вистината дека нема ни Црква ни верници. Пуштете го на слобода, оти само така ќе се увери дека верниците на МПЦ го игнорираат и го презираат. Пуштете го на слобода за да шири верска омраза меѓу четири ѕида во својата викендичка, оти тоа му прилега на еден викенд-надничар на СПЦ. Пуштете го на слобода за да види колку е неслободен. Пуштете го на слобода за да сфати дека е заробен само од својата заблуда. Јован на слобода е силен колку медуза на песок.

Пуштете го, за да види дека неговата српска мисија е вреднувана колку еден чартер на МАТ. Да беше во единство со Бога, Бог ќе му ја одредеше жртвата. Но тој е во единство со национал-шовинизмот на српската државна политика. Затоа сега цената му ја одредува ЈАТ и надлежниот српски министер. Во желба за реципрочен" одговор, Србија го одбрани Јован со летало на државната флота. Оти и таму го гледаат како летало. Го летаат по задача. Таквите, народот овде ги вика „учутми". Рачно направен змеј врзан за јаже. Затоа, скинете го затворското јаже, пуштете ја учутмата да лета и да се приземји таму од каде што ја лансираа. Сè друго е Божја работа.

